Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 888/2021

Дата: 23-06-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Желино ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на производен погон со намена - индустрија за финални производи и сервисни услуги, на м.в. Папратница, на КП 752/1 и КП 752/2, КО Требош, вон град., Општина Желино.** Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0,45 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y08821** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на производен погон со намена - индустрија за финални производи и сервисни услуги, на м.в. Папратница, на КП 752/1 и КП 752/2, КО Требош, вон град., Општина Желино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. **Предметната локација се наоѓа во II заштитна зона на изворот Рашче**, поради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитните зони за заштита на водите од водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ („Сл. Весник на РСМ" бр. 3/21), кои се однесуваат на оваа зона.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk